STAND BY

ЉУПЧО ЗИКОВ

БАЛАНСЕРОТ И ГУБИТНИЧКИОТ МЕНТАЛИТЕТ!

СВЕТ

КАКО ТОА ГО ПРАВИ ИТАЛИЈА

КОНЦЕПТ „ТРЕТА ИТАЛИЈА“!?

ISBN 978-9989-2025-2-0

business magazine

Капитал

БРОЈ **1175** | **31 октомври**
година 25 | цена **200**

INTERVIEW

БРАНИМИР ЈОВАНОВИЌ

Економски Институт Виена

ОВАА ВЛАДА МАКЕДОНИЈА ЈА ВОДИ ВО ПОГРЕШЕН ПРАВЕЦ!

INTERVIEW

БИЛАЛ СУЏУБАШИ

ГЛАВЕН ИЗВРШЕН ДИРЕКТОР НА ХАЛКБАНК АД СКОПЈЕ

ХАЛКБАНК Е ЛИДЕР ВО НОВИ ТЕХНОЛОГИИ И УСЛУГИ НА МАКЕДОНСКИОТ ПАЗАР

АЛКАЛОИД СКОПЈЕ

УНИБанка Твојата Банка

ProCredit Bank

NLB Banka

INTERVIEW

НЕБОЈША СТОЈЧИЌ

ректор на Универзитетот во Дубровник

НЕКОИ ЗЕМЈИ ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН ЌЕ СТАНАТ ЧЛЕНКИ НА ЕУ ДО КРАЈОТ НА ДЕЦЕНИЈАТА! ВАЖНИ ЌЕ ВИ БИДАТ СУШТИНСКИТЕ РЕФОРМИ НА ТОЈ ПАТ БЕЗ КОИ НЕМА ДА ИМА НАПРЕДОК!

MULTI ESSENCE

Витамин Ц

Селен

Витамин Д

Цинк

Витамин Б12

Multi Essence

ИМУНО

кесички за директна употреба,
со вкус на лимон

Останете **заштитени!**

АЛКАЛОИД СКОПЈЕ

Здравјето пред сè

04

STAND BY

Љупчо Зиков

Капитал

Балансерот и губитничкиот менталитет!

14

ИНТЕРВЈУ

Бранимир Јовановиќ

Економски Институт Виена

Оваа Влада Македонија ја води во погрешен правец!

24

СВЕТ

Како тоа го прави Италија – концепт

„ТРЕТА ИТАЛИЈА„!?

30

ИНТЕРВЈУ

Билал Суџубаши

главен извршен директор на Халкбанк АД Скопје

Халкбанк е лидер во нови технологии и услуги на македонскиот пазар

38

ИНТЕРВЈУ

Небојша Стојчиќ

ректор на Универзитетот во Дубровник

Некои земји од Западен Балкан ќе станат членки на ЕУ до крајот на деценијата! Важни ќе ви бидат суштинските реформи на тој пат без кои нема да има напредок!

STAND BY

Љупчо Зиков *Капитал*.....04

Балансерот и губитничкиот менталитет!

BUSINESS BRIEF

- **Уште една успешна година:** DM drogerie markt со извонреден двоцифрен раст на прометот во деловната 2023/24.....06
- **Генералниот директор на „Алкалоид“, Живко Мукаетов, панелист на:** Првата годишна конференција на „Блумберг Адрија“....08
- **ФЕРОИНВЕСТ на ЕНЕРГО ТЕХНОМА 2024:** Развиваме енергетски решенија за по 5 години.....10
- **ПроКредит Банка ја проширува својата мрежа во Скопје со отворање на нова филијала во Чаир**.....12
- **„Кажи YES за фиксна рата, нова примамлива понуда од Шпаркасе Банка“**.....12

ИНТЕРВЈУ

Бранимир Јовановиќ

Економски Институт Виена.....14

Оваа Влада Македонија ја води во погрешен правец!

СВЕТ

Како тоа го прави Италија

концепт „ТРЕТА ИТАЛИЈА„!?.....24

ИНТЕРВЈУ

Билал Суџубаши.....30

главен извршен директор на Халкбанк АД Скопје

Халкбанк е лидер во нови технологии и услуги на македонскиот пазар

ИНТЕРВЈУ

Небојша Стојчиќ

ректор на Универзитетот во Дубровник.....38

Некои земји од Западен Балкан ќе станат членки на ЕУ до крајот на деценијата! Важни ќе ви бидат суштинските реформи на тој пат без кои нема да има напредок!

Импресум// Издава: Капитал Медиа Гроуп доо Скопје, бул. Партизански Одреди бр.17-1/16, п.фах 503, 1000 Скопје • Адреса на уредништвото на издавачот на медиум: бул. ВМРО бр.7, здрада 1, влез 1, кат 6, стан бр.31 • П. ФАХ 503, 1000 Скопје • Директор и одговорен уредник: Љупчо Зиков • Печати: Европа 92, ул. Крижевска бр.52, 2300 Кочани, Р. Македонија • Тираж: 3.000 примероци • Датум на печатење: 30.10.2024

Капитал Медиа Гроуп е членка на Асоцијацијата за заштита на печатени медиуми

Капитал Медиа Гроуп е членка на Советот за етика на медиумите во Македонија

STAND BY

ЉУПЧО ЗИКОВ

БАЛАНСЕРОТ И ГУБИТНИЧКИОТ МЕНТАЛИТЕТ!

Знаете што ... Македонија „ни крива ни должна“ сепак ќе го продолжи својот пат во преговорите со Европската Унија. Она што ќе биде важно и секако многу непријатно со овие генерации кои сега се бутаат во јавната администрација (партиски и етнички) е што Брисел, кога ќе дојде времето, ќе биде немилосрден и нема да го интересира ниту балансерот ниту законот за правична застапеност.

Одамна пред да се отвори темата за балансерот, нападно и арогантно, како што го гледаме нејзиниот расплет деновиве, во едно телевизиско интервју кажав дека јас балансер знам дека постои единствено кај вулканизер. Кога одите да ги поправите гумите и тркалата на вашиот автомобил. Се изнасмеавме со водителот иако нему не му беше сосема јасно што сакам да порачам со таа изјава!? Што сакав да кажам...?

Кога одите на вулканизер ќе ги залепите гумите, ќе ги напумпате, но ако се и нови, ќе морате да ги избалансирате (оние оловца од страна што ги ставаат) за да автомобилот продолжи да се движи стабилно кога ќе го возите ... Да не тресе. Со пржинскиот договор Македонија доби балансер кој деновиве е укинат. Суштината на тој балансер е да се прави некаква си етно рамнотежа со вработувањата. Каде? Па во јавната администрација...

Вулгаризирано објаснето тоа отприлика значи дека партиите, особено тие на власт (македонски и албански, и другите етнички приколици) треба да се избалансираат во списоците што ги прават во нивните штабови и потоа ги праќаат на реализација во јавната администрација (министерства, установи, агенции, болници, јавни претпријатија, акционерски друштва во државна сопственост...).

И тука следи егзекуцијата... се вработуваат лица кои се запишани на списоците направени во партиските штабови, претходно усогласувани меѓу коалиционите партнери во Владата. И тоа е тоа.

Тука има една формула за која многу малку се води сметка. Тоа е моментот дека колку повеќе вработувате, на пример Македонци, балансирано морате да вработувате и Албанци.... за да бројот во администрацијата биде пропорционален на договорената формула.

За професионалната стручност, адекватност на работното место, компетенции и што е работено во минатото многу не се води сметка... Па дури сомнително е и со дипломите за високо образование! Тука има се и сешто...! Сите бегаат од таа тема.

И така годините наназад расте бројот на јавната администрација во Македонија (сега околу 150.000)!? Администрација која во голема мерка е партиски уредена, дефинирана, партиски е мотивирана, а реално специфичната тежина и е нула. Освен во некои јавни сектори од критична важност за државата каде се ангажирани инженери, програмери, физичка сила со посебни важни знаења и така ....

Е сега ... два месеци македонската јавност е измрцварена со тоа, де ќе се укине балансерот, де нема да се укине ... Се прави првокласен политички проблем, па и скандал за кој бескрајно се дебатира и на телевизии и по портали. Ликови трошат по цели саати на скапата телевизиска програма пењавејќи се да наметнат темпо дебатата да заврши на крајот – колку повеќе ќе се троши од државниот Буџет (владата за 2025 година пред два три дена го дефинираше на 6,5 милијарди евра). Бидете уверени, главната тема е тоа во државата. И секогаш било така.

Па, на крајот се изнаоѓа некое соломонско решение дека наместо балансер, сега ќе се правел Закон за правична застапеност на вработувањата. Каде? Па во јавната администрација се разбира!? Значи не врат, шија ... цепта останува иста, а правот во очите на јавноста е дека нешто драматично се менува. Суштински ништо не се менува.

А за тоа што се случува со постојните вработени во

ljupco.zikov@kapital.mk

јавната администрација, кој чив е по промената на власта во некоја следна прилика ... Овде само кажам дека речиси и да нема случај, а прашање е и дали има начин да отстраниш вработен од администрацијата. Нема такво нешто. Администрацијата единствено се намалува преку контингентот пензионери секоја година. Менаџирање овде на друг начин нема ...
А постојат цели сектори на човечки ресурси кои ова демек треба да го менаџираат, предлагаат мерки ... и така натаму ... Се е тоа празно место во системот. Форма без суштина. Ставете само нога внатре и до пензија сте решени ... Залегнете, бидете послушни и немојте да правите проблеми, и се е решено. Синдикатот стои зад вас. Таа моќна стерилна државна машина.
И така, полека полека македонската јавна администрација стана една посебна каста во државата ... таму нема нарушени ниту меѓу-партиски односи власт – опозиција, ниту нарушени меѓуетнички односи. Таму е „свет од чоколада„ ... сите „лижат сладолед„!? Еден колосален губитнички менталитет. Свет на полностронство. Едните чекаат другите да дојдат, а притоа да не наебат.

Како да се смени овој менталитет?

Поентата во денешниот текст.
Овде имам три клучни поенти:

ПРВО, води ли некој сметка за големината на македонскиот државен Буџет (процентот на расходите за плати, социјални давачки и други трансфери од буџетот во однос на процентот за капитални инвестиции и други слични трансфери кои треба да бида во функција на растот на БДП).

ВТОРО, што мислат овие млади луѓе што сега влегуваат во администрацијата? Дали мислат дека ќе ја дочекаат пензијата таму?

ТРЕТО, размислува ли некој нормален во државата наместо да се малтретира јавноста со балансери за јавна администрација, да ја смени плочата, и во ова општество да почне да се разговара за претприемништвото, приватните инвестиции, малите и средните претпријатија!? Нели е тоа подобра опција за млад дечко штотуку влезен во светот на креаторите, создавањето и адреналинот? Зошто младите луѓе губат време? И што прави државата за приватниот сектор да го дизајнира со разни погодности да тој стане атрактивен?

Знаете што... Македонија „ни крива ни должна„ сепак ќе го продолжи својот пат во преговорите со Европската Унија. Она што ќе биде важно и секако многу непријатно со овие генерации кои сега се бутаат во јавната администрација (партиски и етнички) е што Брисел, кога ќе дојде времето, ќе биде немилосрден и нема да го интересира ниту балансерот ниту законот за правична застапеност.
Кога ке дојдат тие глави и кластери на дневен ред за преговарање европските комесари ќе испорачаат обврска за реформа со рок во кој ќе кажат – имате многубројна администрација и треба да ја намалите за, на пример, 40% до 50%!? Тоа време ќе дојде за две, три до пет години.
„Пилците„ сега што влегуваат во администрацијата тогаш ќе имаат по 32 до 35 години возраст. Нагоре високо, надолу длабоко ... Така залегнати и неподготвени за борба за живот на улица во реалниот приватен сектор, сосема легитимно ќе останат своевидни социјални случаи. И повторно проблеми, скандали, терет на државниот буџет.
Оттука, не знам дали некој размислува на овој реален иден развој на настаните. Прашувам, дали во овој предлогот на премиерот за Стратегија за долгорочен развој на Македонија (едно десет такви сретнав во мојата кариера) е предвидено и ова. Ако е предвидено, тогаш клучната тема во оваа држава мора да биде развојот на свеста кај граѓаните за претприемништвото и можноста за лесно отворање и финансирање на сопствен бизнис. Само така може да се отвори една нова квалиетна перспективна приказна кај новите генерации македонски граѓани, и само така може да се задржат дома во Македонија без да размислуваат животот да го продолжат во државната бирократија.
За тоа да се случи потребни се големи реформи... и законски, но и промена на свеста. Потребни се конкретни проекти и енергија за департизација на процесите. Како?

Кога ќе дојдат тие глави и кластери на дневен ред за преговарање европските комесари ќе испорачаат обврска за реформа со рок во кој ќе кажат – имате многубројна администрација и треба да ја намалите за, на пример, 40% до 50%!? Тоа време ќе дојде за две, три до пет години.

Воведување на финансиско образовани, приватен ангажман и инвестиции, во основните и средните училишта, наметнување на темата – што значи финансиска слобода, инвестирање и создавање сопствен бизнис...? Како државата преку програми ова може да го поттикне (конкретни мерки кои се веќе спроведени во Словенија, Естонија, Данска ...). Помагање на стартапите, а не нивно скандализирање. Правење сцена од оваа тема, а не оставени на стихија децава не знаат каде тераат.
Стартап заедницата е многу важна за општеството. Можеби не толку поради проектите што ги лансира (најголемиот дел од тие проекти не се успешни), колку поради мотивот кај таа популација да се одважи и да почне да работи нешто свое. Менталитетот што го создаваат. Таа популаци мора да го задржи мотивот оти така се создава карактерот на нацијата. Тој важен, толку важен за сите нас победнички менталитет.
Постои еден апсурд овде по долината на Вардар... Од една страна устите им се полни со тоа дека сакаат да го задржат македонскиот граѓанин дома да не се исселува. Од друга страна со сила го бутаат во јавната администрација (на расходната страна на Буџетот). Се штанцаат универзитети кои имаат печатници на дипломи, а немаат знаење. Тие дипломи пак завршуваат во јавната администрација.
Доколку се отвори големата тема за приватната иницијатива, инвестициите и претприемаштвото, верувајте ќе дојде и до спонтана реформа на универзитетите и она што се дефинира како доживотно учење. Тоа му фали на македонскиот граѓанин. Тоа го подигнува „тестостеронот за креирање и менталиетот на победа„!
Синдикатите кои постојат сами за себе и за лидерството што ги води не можат да генерираат нов „тестостерон„ со темата за минималната и просечната плата која како и да свртиш завршува во буништетот каде „волот сепак наградата на крајот од денот ја добива во вид на слама„.

Уште една успешна година:

DM drogerie markt со извонреден двоцифрен раст на прометот во деловната 2023/24

- **Остварен промет од 3,07 милијарди денари и раст од 25 % во РС Македонија**
- **Остварен промет од 5,2 милијарди евра на ниво на групација dm Австрија и потконцернски земји**
- **Речиси 126 милиони денари инвестиции во продажната мрежа во РС Македонија**
- **Околу 8,3 милиони денари донирани во општествено-одговорни и одржливи проекти**

Компанијата dm drogerie markt постигна извонредни деловни резултати во деловната 2023/24 година. Со остварен промет од 3,07 милијарди денари, односно раст од 25,15 отсто, инвестиции во износ од речиси 126 милиони денари во својата продажна мрежа, како и раст на фреквенцијата на пазарување од околу 16 отсто, најголемиот дрогериски синџир постигна напредок во сите клучни области и ја зајакна својата позиција на македонскиот пазар.

Деловните успеси во 2023/24 година беа придружени и со значителна сума на општествено-одговорни донации во износ од околу 8,3 милиони динари.

„Ние сме горди што сработивме уште една успешна година придружена со големи потфати преку кои им се заблагодаривме на заедницата и на купувачите за нивната доверба. Особено сме задоволни што општествено-одговорните кампањи што ги спроведуваме се препознаени од јавноста и дека на некој начин тие претставуваат наша „лична карта“ пред нив. Ќе продолжиме да ја поддржуваме нашата заедница и да работиме на зачувување на животната средина преку конкретни проекти и донации за оние на кои им е најпотребна помош“, изјави Весна Стојановиќ, директорка на dm С Македонија и Србија.

На ниво на групација – dm Австрија и потконцернски земји од Централна и Источна Европа (без Германија и Полска), компанијата оствари вкупен промет од 5,2 милијарди евра, односно раст од 16,5 % во однос на претходната година, ја прошири својата продажна мрежа на 1.947 дрогерии, а бројот на вработени се искачи на 28.353.

Уште поблиску до купувачите

Својата продажна мрежа dm ја прошири на 26 дрогерии во 10 градови, а нови продажни објекти беа отворени во Скопје (3) и Битола (1). Со цел подобрување на пазарувачкото искуство и создавање на уште попријатна атмосфера во своите дрогерии, компанијата вложи речиси 126 милиони денари (раст од 33,5 отсто) во реновирање на постојните и отворање нови продажни објекти. Бројот на вработени во земјава се искачи на 296.

„СЕКОГАШ ПОВОЛНО” – Концепт за долгорочна ценовна стабилност

Еден од пионерските потфати на dm во малопродажната индустрија беше воведувањето на долгорочни поволни цени што остануваат непроменети најмалку четири месеци. Со ценовниот концепт „СЕКОГАШ ПОВОЛНО“ dm придонесува за долгорочна заштеда на пари и време за своите купувачи. Инаку, dm во својот асортиман има повеќе од 13.000 производи, од кои над 3.000 се од висококвалитетните сопствени брендови, како што се Balea, alverde, dmBio, babylove, Denkmit и други, кои нудат идентичен квалитет во сите земји каде што dm е достапен на пазарот. Ова го прави dm најголем понудувач на сопствени трговски брендови на македонскиот пазар.

> ***Ние сме горди што сработивме уште една успешна година придружена со големи потфати преку кои им се заблагодариме на заедницата и на купувачите за нивната доверба. Особено сме задоволни што општествено-одговорните кампањи што ги спроведуваме се препознаени од јавноста и дека на некој начин тие претставуваат наша „лична карта“ пред нив. Ќе продолжиме да ја поддржуваме нашата заедница и да работиме на зачувување на животната средина преку конкретни проекти и донации за оние на кои им е најпотребна помош“,*** изјави Весна Стојановиќ, директорка на dm С. Македонија и Србија.

Проширено портфолио на услуги за целосно пазарувачко искуство

Со воведувањето на „Советничките за убавина“, dm им нуди на купувачите нови услуги, вклучувајќи бесплатно професионално шминкање и одредување на типот на кожата од обучени експерти. Покрај тоа, купувачите можат да се консултираат со сертифицирани дрогеристи, обучени за стручно советување во различни области на дрогерискиот асортиман.

„Од отворањето на првите дрогерии во С. Македонија, dm континуирано се смета за компанија што е многу повеќе од бренд, повеќе од продавница, повеќе од работодавец. Нашиот деловен пристап ќе остане и натаму ист, со стремеж да останеме омилено место за пазарување и во наредните години, ставајќи го секогаш човекот во центарот на нашето работење“ – изјави Александра Оливера Кориши, директорка на dm во С Македонија и Србија.

Здравјето на жените во фокусот, со посебен акцент на менструалното здравје и менструалната правда

Кампањата за здравјето на жените е во фокусот веќе втора година, а како дел од неа, dm започна кампања посветена на борбата за менструална правда, најпрво со намалување на цените на влошките и тампоните од сопствената марка Jessa, во рамките на ценовниот концепт „Секогаш поволно“. На женската трка во Скопје, вработените од dm „трчаа за менструална правда“ и донираа 300 пакети со влошки за социјално ранливи категории жени.

Со лансирањето на „Женски ритам“, dm создаде еден поинаков поткаст исполнет со поддршка и размена на знаења од повеќе области од менталното, физичкото и менструалното здравје на жените.

Компанијата dm drogerie markt во 2024 година спроведе кампања за бесплатни дерматолошки прегледи во Скопје и Охрид, при што беа извршени околу 550 дерматолошки прегледи, а околу 30 % од прегледаните биле упатени на подетални испитувања, додека 20 % биле упатени на хируршко отстранување бенки.

Преку платформата за донации и општествено-одговорни активности „{ЗАЕДНО} едни за други“ dm drogerie markt со повеќе од 3 милиони денари ја поддржа реализацијата на 6 најзначајни проекти од овој конкурс што ќе придонесат за подигнување на свеста за менструалното и репродуктивното здравје на жените.

Од средината на октомври 2024 година, компанијата направи уште поголем чекор во борбата за менструална правда, започнувајќи го проектот „Никогаш повеќе сама“, преку кој ќе бидат поставени повеќе од 200 диспанзери за бесплатни хигиенски влошки на сите државни универзитети во РС Македонија.

Социјално одговорна и еколошки свесна компанија

Проектите со општествена одговорност отсекогаш биле важен дел од активностите на компанијата, па така и во деловната 2023/24 година dm ја продолжи со позитивната практика на поддршка на заедницата, донирајќи близу 8,3 милиони за унапредување општествено-одговорни проекти, како и за заштита на животната средина.

Проектот „Пошумуваме заедно за позелено утре“, што беше започнат во 2022 година, компанијата го продолжи со 4 успешни акции за пошумување преку кои беа засадени повеќе од 30.000 садници. За реализацијата на овие проекти беа одвоени околу 2 милиона денари.

По повод светскиот ден Black Friday, најголемиот дрогериски синџир традиционално донираще 5 % од вкупниот дневен промет остварен во сите дрогерии во хуманитарни цели. Со помош на купувачите, вкупно беа собрани 405.735 денари, со кои беа набавени пакети храна со основни прехранбени производи, кои преку Хуманитарната организација„Свети Спас“ беа поделени на социјално загрозени семејства.

Работа инспирирана од животот

Со програми за едукација и обуки, вклучувајќи учество на меѓународни семинари, dm создава инспиративна и мотивирачка работна средина. Компанијата ја започна 2024 година со 15 отсто зголемување на бруто-платата за сите вработени, заедно со редовните 14 плати и многубројни поволности за личен и професионален развој. Воведувањето на системот dmGPT ја позиционира компанијата како лидер во примената на вештачката интелигенција во малопродажбата, со цел да им се олесни работата на вработените. Иницијативите, како што е Неделата на родителството и активностите за поддршка на вработените родители, создаваат заедница за размена на искуства и помагаат во одржувањето на рамнотежата меѓу приватниот и работниот живот.

Компанијата dm drogerie markt е исто така носител на сертификатот „Бизнис-лидер“ за 2023 година, што е признание за извонредната работа на компанијата во текот на претходната година и служи како доказ за силната позиција на пазарот меѓу најголемите компании во државата.

Генералниот директор на „Алкалоид“, Живко Мукаетов, панелист на

Првата годишна конференција на „Блумберг Адрија“

„Алкалоид“ е компанија која функционира глобално, но базата е во Македонија. Иако прогнозите на светско ниво се песимистички, со стабилност дома, ако сите дадеме свој мал придонес за раст на националната економија, амбициозните проекции би биле реални. Ни недостига и поголема меѓусебна доверба за како нација да растеме заедно“.

Генералниот директор и Претседател на УО на „Алкалоид“, Живко Мукаетов, зеде учество на Првата годишна конференција „Back to business – Економски потенцијал и развојни можности за Македонија“, во организација на мултиплатформската мрежа за деловни вести во Југоисточна Европа, „Блумберг Адрија“.

Во рамките на панелот „Македонскиот реален сектор: Бизнис-модел воден од новите технологии“, посветен на прашањата за водење бизнис во турбулентно време, за потребните промени во стопанството и за неопходноста од следење на светските трендови и технолошки иновации, Мукаетов истакна дека компаниите мора да бидат во тек со најновите случувања од областа на новите технологии.

„Веќе 25 години живееме во ерата на 4-тата индустриска револуција, чиј производ, меѓу другото, е и вештачката интелигенција. На повидок е 5-тата индустриска револуција, која ги спојува виртуелниот и реалниот свет во едно. Сè поочигледно е дека дигиталната писменост претставува неопходност. 'Алкалоид' континуирано инвестира во модерна и технолошки напредна опрема, софтвери и кадар. Во моментов сме во процес на имплементација на 4 нови софтвери, а очекуваните придобивки од нив вклучуваат: оптимизација на процесите, намалување на трошоците, брзина при донесувањето одлуки, поголема ефикасност, придонес во заштитата на животната околина и зголемена продуктивност“, истакна Мукаетов.

На прашањето околу влијанието на глобалните геополитички случувања врз работењето, како и нивниот импакт врз движењата на цените на суровините и репроматеријалите во следниот период, Мукаетов даде објаснување низ реалниот пример на „Алкалоид“:

„Високата инфлација се одрази врз работењето на сите компании. Се соочивме со неколкукратен раст на цените на некои од клучните суровини и материјали, што наметна дополнителни непредвидени трошоци. Периодов имавме ненајавено, двојно зголемување на цената на една од клучните супстанци во лекот 'Кафетин', која е достапна само во Азија. Во моментов има дефицит на кофеин, витамин Б и Д, кои имаат допирни точки со кондиторската индустрија, а со побарувачката енормно пораснаа и нивните цени.

Глобалните воени конфликти, пак, како оној во Суецкиот Канал, го попречија движењето на суровините, што предизвика застој во циклусите на испорака и зголемена ставка на транспорт на суровините. Од друга страна, пак, фармацевтските производи припаѓаат на строго ценовно регулирана категорија производи, па повеќето од цените се замрзнати, односно не се дозволуваат корекции од државните авторитети надлежни за нив.

Говорници на првата панел-дискусија посветена на искуствата од функционирањето на бизнисот во глобално турбулентни времиња беа и: Генералниот директор на „Пивара Скопје“, Душан Митрев; Главниот извршен директор на „А1“, Методија Мирчев, и Генералната директорка на „Макстил“, Марија Дуковска-Павловска. Настанот посветен на економските развојни можности во земјава го отвори Претседателот на Владата, Христијан Мицкоски, и Директорката за содржина на „Блумберг Адрија“, Јелисавета Лазаревиќ.

LONGINES
LEGEND DIVER
Elegance is an attitude
LONGINES
Božinovski

ФЕРОИНВЕСТ на ЕНЕРГО ТЕХНОМА 2024:

Развиваме енергетски решенија за по 5 години

Сопственикот на Фероинвест, проф.д-р Кочо Анѓушев вели дека компанијата Фероинвест на годинешниот саем ЕНЕРГО ТЕХНОМА во Скопје ќе претстави решенија за проблемот со вишокот електрична енергија од фотоволтаици, што е главен проблем во моментот, но дека нивните инженери веќе работат на енергетски решенија кои ќе се бараат по 5 или 6 години.

▶ Феро Инвест ќе се претстави на претстојниот саем Енерго Технома 2024? Зошто оваа манифестација е важна за вашата компанија?

Нашата компанија е една од водечките компании во техничката сфера во Македонија, особено во инжинерството, а посебно во еден дел и во енергетиката. Во таа смисла, цениме дека како една македонска компанија треба да дадеме придонес и да бидеме дел од секој вид ваква манифестација која што се случува во нашата држава и се однесува на развојот на нашата држава, а е поврзано со енергетиката, машинството, односно техниката генерално.

Кои се клучните производи и решенија што ќе ги презентира Феро Инвест на годинашниот саем?

Фероинвест е компанија која што е пионер во енергетската транзиција, обновливи извори на ернергија и зелената енергија. Во таа смисла, започна пред 20-тина години со своите дејности во сите области на обновливи извори на енергетија, тргнувајќи со хидро електрани, биогас, фотоволтаици, проектирање од физибилити студија, изведување, мониторинг, одржување, па и откуп на електричната енергија, што значи едно вертикално интегриран систем.

Точно тој вертикално интегриран систем ние ќе го претставиме на саемот. Ќе ги претставиме најновите трендови во енергетиката во обновливи извори, а тоа се трендовите на интегрирани системи каде што ќе може да се презентираат и новите батериски системи кои што служат за складирање на енергијата. Тоа енергијата од обновливите извори ќе ја направи попредвидлива и ќе направи таа да може да се искористи тогаш кога ќе биде потребна, односно не само во моментот на нејзиното произведување, туку и подоцна.

Точно тоа како модел и концептуално решение ќе го

презентираме на овој саем.

▶ Кој е вашиот пристап во однос на иновациите во областа на енергетиката и технолошките решенија? На кој начин се обидувате да бидете чекор пред конкуренцијата?

Јас сум инженер, и во мојата работа секогаш го комбинирам инженерско знаење, мојата страст за иновации и страст да изнаоѓам нови решенија, и многу важно-ја согледувам големата слика, бидејќи ништо не важи само за една земја, особено во енергетиката .

За да бидете чекор пред сите треба да ги предвидувате работите, а да ги предвидувате работите треба да имате широка анализа и знаење за состојбите бидејќи енергетиката не е локална работа која што се случува само во Македонија. Таа е работа која што е, јас би рекол, и континентална, зборувам за Европа, и во таа смисла морате да можете да ги предвидите трендовите.

Ние уште пред две години почнавме да работиме на батериските системи кои што сега стануваат актуелни.

А уште од сега најавуваме дека во иднина, во следните 5 – 6 години ќе треба да се размислува на интегрирани, вертикални, компактни енергетски решенија. Кога тоа го зборувам, значи да се размислува на повеќе начини. Да речеме на закуп на складирање, закуп на фотоволтаици, на виртуелни производители, виртуелни електрани, сето тоа може да звучи малку апстрактно, но ние во Фероинвест сме поприлично сигурни дека работата ќе оди во тој правец, како што и бевме сигурни и пред 2 – 3 години дека батериските системи ќе бидат решение за одржлива енергетска транзиција.

▶ Еден од фокусите на саемот е одржливата енергија. Кои се најновите проекти на Феро Инвест поврзани со обновливите извори на енергија?

Најновиот проект кој што ќе биде, во главно, доминантно претставен на овогодишниот саем ќе бидат батериските системи за складирање на електрична енергија, и тоа на четири нивоа. Едно ниво за домаќинства, оние домаќинства кои што трошат во четвртата група каде цените се највисоки, а тоа се поголеми куќи, поголеми објекти. Втората група се фабрики, кои што имаат поставени фотоволтаици, или пак се уште немаат, но тие својата потрошувачка на електрична енергија ја оптимираат по цена и количина. Понатаму, станува збор за фотоволтаични електрани изградени на земја, па да се надградат со батериски системи, или веднаш новите електрани што се градат да се изведуваат веќе со батериски системи во нив, и тоа е третата група. И последно, да се прават само сторици, односно клиентот да прави енергетски сториџ (склад) за свои потреби. Тоа е контејнерски систем на сторици за електрична енергија со поголем капацитет.

Сите овие четири типови на проекти како наши производи, односно како наши интегрирани инжинерски решенија, ќе бидат претставени на саемот.

▶ Како ја гледате иднината на енергетската индустрија во Македонија? Каде гледате потенцијал за раст и подобрување, особено во контекст на иновации и нови технологии?

Енергетиката како и секогаш досега треба да се гледа 5 – 10 години однапред. Се разбира, ние како Македонија немаме големи ресурси во делот на природни ресурси во смисла на јаглен, нафта, гас, па да очекуваме дека од тоа би произведувале електрична енергија. Јагленот е веќе скоро исцрпен, останува хидро потенцијалот каде има некои претстојни и помали и поголеми проекти, биогасните електрани кои не се едноставна технологија, и обновливите извори за енергија кои се непредвидливи во производството, сонце и ветер. Меѓутоа, повторно ќе кажам дека обновливите извори за енергија или така наречената енергетска транзиција никако не може да биде одржлива доколку не се мисли и на балансирањето на таа енергија односно, на складирањето на енергијата во целина.

> ***Јас сум инженер, и во мојата работа секогаш го комбинирам инженерско знаење, мојата страст за иновации и страст да изнаоѓам нови решенија, и многу важно-ја согледувам големата слика, бидејќи ништо не важи само за една земја, особено во енергетиката .***

Кои се вашите очекувања од саемот Енерго Технома 2024 во однос на нови деловни можности и проширување на вашата мрежа на контакти?

Во Македонија ние сите се познаваме и знаеме кој и што работи и клиентите добро не познаваат, меѓутоа е добро што ќе има едно место и еден простор на кој што сите кои што се заинтересирани ќе може да дојдат и да ги видат нашите производи кои што погоре ги објаснив, а тука ќе биде интересно да видиме и да размениме искуства со фирмите кои што се слични на нашата кои што ги работат истите области.

Така што, очекуваме Енерго Технома 2024 да биде една добра можност за контактирање со сродни компании и со клиенти. ■■■

ProКредит Банка ја проширува својата мрежа во Скопје со отворање на нова филијала во Чаир

По реновирањето на неколку постоечки филијали и отворањето на нови филијали низ Македонија, ПроКредит Банка ја збогатува и својата мрежа во Скопје. Отсега клиентите на банката ќе можат да ги користат сите дигитални поволности, како и стручните совети од ПроКредит тимот во населбата Чаир на ул. Џон Кенеди бб, Скопје.

Филијалата во Чаир располага со модерен дизајн кој на своите клиенти им нуди современо банкарско искуство во кое било време, без чекање ред на шалтер, благодарение на 24/7 Зоната. Како дополнителна придобивка за клиентите, филијалата е опремена со современи банкомати кои нудат можност за уплата и исплата на денари и евра, внесување на дневен промет, како и користење на drop box сеф за депонирање на поголеми суми на средства за бизнисите коишто имаат потреба од оваа услуга.

Заедно со современиот ентериер и дигиталните услуги, клиентите на банката добиваат и стручен тим од посветени професионалци, кои можат да понудат брза и персонализирана услуга, како и советодавна поддршка за своите клиенти со цел да донесат информирани одлуки, но и да добијат одговор на сите прашања.

Отворањето на филијалата во Чаир ја одразува нашата посветеност за обезбедување банкарско искуство прилагодено на уникатните потреби на локалната заедница.

„Нашата цел е да продолжиме со проширување на мрежата на филијали и да понудиме поголема достапност. Во ПроКредит Банка, удобноста и задоволството на нашите клиенти се приоритет. Модернизацијата на нашите филијали не само што го подобрува целокупното офлајн корисничко искуство на клиентите, туку придонесува и за попродуктивна и поудобна работна средина за нашите вработени, поттикнувајќи поголема ефикасност и задоволство“ – велат од ПроКредит Банка.

„Кажи YES за фиксна рата, нова примамлива понуда од Шпаркасе Банка“

Почнувајќи од 1 октомври, Шпаркасе Банка нуди нов станбен кредит во денари со фиксна каматна стапка од 3,49% за првите десет години од отплатата. Кредитот е достапен во максимален износ до 24.600.000 МКД со рок на отплата до 360 месеци. Дополнителна поволност е ослободувањето на клиентите од административни, нотарски трошоци и трошоци за процена.

Покрај станбениот кредит, Банката воведува и нов потрошувачки кредит со фиксна каматна стапка од 5,3% за целиот период на отплата, кој трае до 95 месеци, на максимален износ до 1.500.000 МКД.

Со понудата „Кажи YES за фиксна рата во Шпаркасе Банка“, клиентите имаат можност да уживаат во стабилноста на фиксните месечни рати, што овозможува полесно финансиско планирање и поголема контрола врз личните финансии. Без разлика дали станува збор за купување нов дом или за управување со секојдневните трошоци, Шпаркасе Банка нуди решенија што ги олеснуваат финансиските предизвици.

Нов станбен кредит во денари со каматна стапка од 3,49% и потрошувачки кредит со каматна стапка од 5,3%

Шпаркасе Банка воведува нов станбен и нов потрошувачки кредит со фиксни каматни стапки

„Фиксните каматни стапки во ова динамично опкружување, се од суштинско значење за ефективно управување со личните финансии и горди сме што ги поддржуваме нашите клиенти во постигнување финансиска благосостојба. Шпаркасе Банка и понатаму продолжува посветено и со задоволство да работи за најдобрите интереси на клиентите. Наша цел е да обезбедиме нашите клиенти да добијат не само иновативни решенија, туку и највисок квалитет на услуги приспособени на нивните потреби. Веруваме дека на тој начин можеме да градиме долгорочни односи и позитивно да придонесеме за нивната финансиска стабилност и финансиско здравје“, изјави Ивана Петревска, директор на Дирекцијата за маркетинг и комуникации во Шпаркасе Банка.

БИЗНИС
ДЕБИТНА
КАРТИЧКА
• БЕСПЛАТНО ИЗДАВАЊЕ
• МЕЃУНАРОДНО ПРИФАТЕНА
• БЕСПЛАТНО ДЕПОНИРАЊЕ 24/7 на готовина на сметка преку банкоматите на УНИБанка
• СМС порака за секоја трансакција со картичка
БЕСПЛАТНО
1 МЕСЕЦ
Бизнис Е-пакет
по избор*
*понудата важи за новоиздадени картички
УНИБанка
Твојата Банка
www.unibank.mk

INTERVIEW

БРАНИМИР ЈОВАНОВИЌ

Економски Институт Виена

ОВАА ВЛАДА МАКЕДОНИЈА ЈА ВОДИ ВО ПОГРЕШЕН ПРАВЕЦ!





Бранимир Јовановиќ е економист во Wiiw и експерт за земји за Северна Македонија и Србија. Неговите сегашни истражувачки интереси лежат главно околу економската нееднаквост, сиромаштијата, фискалната политика, даноците, социјалните политики, работничките права, како и финансиските кризи и посткризните закрепнувања. Претходно има направено истражување за монетарната политика, кредитната активност, девизните курсеви, трговијата, СДИ, дознаките, одржливоста на тековната сметка, прогнозирањето, цените на куќите. Беше советник на Министерот за финансии на Северна Македонија помеѓу 2017 и 2019 година и истражувач во Централната банка на Северна Македонија помеѓу 2007 и 2015 година. Докторирал на Универзитетот во Рим „Тор Вергата“. Дееновиве на повеќе медиуми во Македонија зборуваше за актуелните состојби овде:

„Во минатите две години инфлацијата беше 25% до 30% за двете години, а примањата на пензионерите не се зголемија. Ако не се зголемат пензиите сега, сиромаштијата на пензионерите ќе се зголеми. Така што оваа мерка со зголемувањето на пензиите беше добра, но не беше доволна.

Упорно одбиваат да ги зголемат платите ... Синдикатите бараат зголемување, наставниците бараат зголемување ... докторите бараат зголемување на платите ... кој се не бара, но со право, затоа што во минатите две години имавме голема инфлација, а платите во Македонија и онака се ниски. Владата упорно бега со образложение дека фирмите ќе бидат погодени, а ќе сме предизвикале нова инфлација што апсолутно не е точно. Оваа инфлација не доаѓа од страната на платите, туку доаѓа од други причини. Одбивањето на зголемување на платите е катастрофална грешка. Тие разбираат дека луѓето се незадоволни, па за нешто да направат прибегнаа кон замрзнување на маржите на производите.

Замрзнувањето на маржите нема ефект. И теоретски нема логика. Таква мерка едноставно не може да се спроведе. Сега оваа Влада, која цело време критикуваше на оваа линија порано, сега го прави истото. Класичен дефокус од проблемот. Замрзнување на цени се прави кога тие еклатантно растат, галопирачки растат, кога имате голема инфлација. Моментално инфлацијата во Македонија е 2%. Тоа е таа стабилна оптимална инфлација. Немате потреба да замрзнувате ниту цени ниту маржи. Ако сакате да го подобрите стандардот на граѓаните, затоа што сиромаштијата е огромна, нееднаквоста е огромна, тогаш треба да се фокусирате на приходите на луѓето. Да ги зголемувате платите, но и не само платите, туку и социјалната помош за сиромашните, како и пензиите ...„„ вели Јовановиќ.

РЕДАКЦИЈА КАПИТАЛ

Се што се случи со одвојувањето на Македонија и Албанија на патот кон ЕУ беше сосема очекувано. Немаше никакви дилеми во ЕУ дека до тоа ќе дојде тоа едноставно беше неминовно. Би кажал дека тоа е навистина лошо за Македонија, пред се од економска гледна точка. Она што мораме да разбереме е дека ние можеме да бидеме критични кон Европската Унија колку сакаме. Можеме да ги критикуваме и за отпорот што го направија и во 2020 и сега со францускиот предлог ... и веројатно ќе стои критиката, но сепак ние мораме еднаш да разбереме дека Европската Унија носи за Македонија многу економски користи и бенифиции. Еве пример: Бугарија која кај нас се смета, а и во Еу се смета за најнеразвиена членка на Унијата ... Бугарија денеска во економска гледна точка е двојно поразвиена од Македонија. Пред 20 години сите знаеме дека Бугарија беше или како нас или полоши од нас. Во 2007 година, пред Бугарија да стане членка на ЕУ нивниот национален доход по глава на жител беше 40% од просекот на ЕУ. Ние тогаш бевме на триесет и нешто отсто.

Денеска 15 години подоцна Бугарија речиси го дуплира националнаиот дохот по глава на жител дојде некаде околу 70%, а ние сме едвај на 40%. Се ова се случува поради членството во ЕУ. Кога станувате членка на ЕУ имате на располагање огромни средства на располагање преку таканаречените структурни фондови. Бугарија и останатите слични членки секоја година од европските фондови повлекуваат од 2% до 3% од нивниот БДП (Бруто домашен производ). Целиот економски раст, и на Бугарија, и на Унгарија всушност околу 90% им доаѓа благодарејќи на користењето на европските фондови. Ние сега земаме ИПА фондови, но тие се три пати помалку средства од тоа што го земаат членките од тие структурни фондови.

Има и други бенефиции, слободно патување, ослободен извоз, младите луѓе можат слободно да студираат и друго ... Од економска гледна точка нема никаква дилема дека членството во ЕУ носи огромни придобивки за граѓаните, и тоа политичарите во Македонија мора да го разберат што е можно побрзо ...

Имаме сепак блокади и политички проблеми

Да и јас не сум среќен со францускиот предлог, но сега прашањето е дали ние сме подготвени сега да ја жртвуваме иднината на нашата држава и благосостојбата на граѓаните и животниот стандард само поради тоа што Емануел Макрон бил нефер кон Македонија. Ќе повторам дека се што се случи не беше неочекувано.

Но, не е ова крај на светот, шансата е тука. Сеуште постои доколку Македонија направи нешто да ги почне преговорите и да се качи на возот на кој сега се качи Албанија, а од поодамна на тој воз се Црна Гора и Србија. Вратата сеуште не е затворена и сеуште постои сценариото сите тие земји да влезат заедно како еден блок до 2030 или нешто подоцна. Сепак, времето полека истекува ... Ако се оди со конфронтирачка надворешна политика, а не пријателска надворешна политика, тогаш возот се повеќе ке се оддалечува и ние нема да имаме премногу време да го фатиме ...

Знаете, истите приказни ги слушавме единаесет години со Никола Груевски. Велеја ќе јадеме корени ама името не го даваме. Сега ова е нова верзија на тоа ... наместо да јадеме корења никогаш нема да се понижуваме. Сега не велат името не го даваат, но никогаш Уставот нема да го смениме и да се понижуваме. Губиме време.

А да ги направевме вистинските потези пред петнаесет години Македонија веќе ќе беше членка на Европската Унија. Животот ќе беше денес многу поубав во државата ќе имаше помалку исселување. Наспроти ова, ние постојано се мислиме, тактизираме, калкулираме не се даваме, некоја национална гордост имаме, не се продаваме ... На крајот повторно ќе дојдеме на почетокот на она сто не сме сакале да го направиме, но ќе поминеме многу полошо и поскапо.

Како треба?

Крајно време е политичарите да се соземат и да го разберат ова. Освен тоа не знам што е стратегијата на оваа влада? Расправаат празни флоскули. Кажете конкретно што е стратегијата? Кој ви акционот план? Што конкретно ќе направите? И која е вашата крајна цел? Каде треба да стигнеме?

Ок ... се согласувам, и мене не ми се допаѓа францускиот предлог. Уставот ... тој е и најмалиот проблем ... има протокол кој треба да се почитува со Бугарија ... и то не

Класичен дефокус од проблемот. Видете, замрзнување на цени се прави кога тие еклатантно растат, галопирачки растат, кога имате голема инфлација. Моментално инфлацијата во Македонија е 2%. Тоа е таа стабилна оптимална инфлација. Немате потреба да замрзнувате ниту цени ниту маржи. Ако сакате да го подобрите стандардот на граѓаните, затоа што сиромаштијата е огромна, нееднаквоста е огромна, тогаш треба да се фокусирате на приходите на луѓето. Да ги зголемувате платите, но и не само платите, туку и социјалната помош за сиромашните, како и пензиите ... Така што оваа Влада сега треба наместо на цените и маржите треба да се фокусира на приходите. За жал не го прават тоа.

Околу даночната политика. Јасно е дека Буџетот е во проблем. Дефицитот во Буџетот годинава ќе биде 5%. Јавниот долг 68%, и ситуацијата е скоро алармантна. Почнуваат да се палат црвените светла.

Се што се случи со одвојувањето на Македонија и Албанија на патот кон ЕУ беше сосема очекувано. Немаше никакви дилеми во ЕУ дека до тоа ќе дојде. Едноставно беше неминовно. Лошо за Македонија. Пред се од економска гледна точка. Она што мораме да разбереме е дека ние можеме да бидеме критични кон Европската Унија колку сакаме, можеме да ги критикуваме и за отпорот што го направија и во 2020, и сега со францускиот предлог ... И веројатно ќе стои критиката Но, сепак ние мораме еднаш да разбереме дека Европската Унија носи за Македонија многу економски користи и бенифиции. Еве пример: Бугарија која кај нас се смета, а и во ЕУ се смета за најнеразвиена членка на Унијата, таа денеска во економска гледна точка е двојно поразвиена од Македонија. Пред 20 години сите знаеме дека Бугарија беше или како нас или полоши од нас.

ми се допаѓа. Но кажете конкретно што ќе направите по тоа прашање ...? Не слушаме ништо околу тоа. Нека кажат што планираат да направат по тоа прашање па потоа можеме да расправаме околу тоа. Впечатокот овде од Виена кај мене, а и не само кај мене кај сите овде со кои комуницирам е дека Македонија не знае што прави. Македонија сега е лошото момче, лошото дете кое постојано ги прави проблемите. Пред една година и повеќе кога Бугарија ѓи правеше проблемите се сметаше дека Македонија е жртва, но денес се смета дека Македонија ги прави проблемите. Затоа што се конфронтира со Бугарите, се конфронтира со Грците, повторно некои интерни дебати со Албанците, вака да било, онака да било, па дестабилизација ... Впечатокот е дека Македонија повторно прави некои глупости ... и најлошото од се тоа е што државата не кажува која е нејзината приказна. Кои се вашите аргументи и што да правиме. Со ваквото однесување – политика против сите одиме во зид како многу пати во историјата, а знаеме како сме поминале. За жал има една фраза дека историјата се повторува првиот пат како трагедија, а вториот пат како фарса. Нам трагедијата ни се повтори со промената на уставот заради името, а сега ќе ни се повтори како фарса.

▶ Ќе се преговарало за одложено дејство на уставните измени?

Во моментот никој во ЕУ нема намера да преговара за тоа. Самата ЕУ не знае кај и е главата ... Конфликтот во Украина, нов голем конфликт на Блискиот Исток. Во САД следат избори наскоро и никој не знае што ќе се случува таму - Доналд Трамп или Камала Харис. Во самата ЕУ има раст на екстремната десница, во самата Австрија пред неколку дена ги добија изборите. Едноставно Брисел има многу свои проблеми, има многу глобални проблеми и едноставно и да сака не може на ваков начин да мисли на нас. Никој во ЕУ не сака да мисли на нас сега, и затоа на ова прашање гледаат како на уште еден проблем на дестабилизање што го прави една мала земја во овој дел на Европа. Едноставно вака гледаат тие ... Германија? Германија има криза, две години се во рацесија имаат пад на растот и на економската активност. Немаат гас и други енергенси, зависни се од Русија, немаат нови извори на енергија, автомобилската индустрија им е во криза, не се лидери ниту во Европа, а камоли во светот. И сега во таква ситуација тие сега да трошат енергија и дипломатски напори и да размислуваат на односите на Македонија и Бугарија илузорно е да се очекува.

Едно од моите верувања е дека нашата влада игра вака е дека тие очекуваат дека екстремната десница ќе продолжи да засилува во рамките на Европа (Австрија, претходно во Франција и во повеќе земји), и со тоа што Македонија сега се доближува до Унгарија која е лидер на таа нова парламентарна група на екстремната десница, нашата влада веројатно се обидува да се обложи и да се коцка на екстремната десница оти сметаат дека во идно време ќе биде уште повеќе засилена. Тие сметаат дека по извесно време по таков развој на настаните екстремната десница ќе застане на македонската страна во спорот со Бугарија.

Тука има неколку прашања:

Прво, кога ќе се случи тоа? Сега ќе се избере нова Европска комисија, таа се бира во моментов, и тоа значи дека уште неколку години нема да дојде до промена на односот на силите во парламентот. И да продолжи да јакне екстремната десница додека таа стигне во позиција да ги носи одлуките ќе биде потребно време. А тоа е драгоцено време кое ние го губиме. Оттука, апсолутно мислам дека ова што македонската влада го прави е коцкање околу надворешната политика. Ваквите егзибиции на Владата обично граѓаните ги плаќаат прескапо, и мислам дека, за голема жал, тоа ќе ни се случи и сега.

▶ Кои се вашите анализи околу кредитот од Унгарија?

Не гледам никаков бенифит од унгараскиот кредит. Трагедија е, една од првите мерки на владата, па и на било која влада во светот, е што веднаш земала кредит (долг). Ова со петстотините милиони евра кредит од Унгарија мене ми изгледа како - некој маж доаѓа дома и на жената и вели – жено земав 50.000 евра кредит прави список што ќе купуваме. Немате план што со тие пари, дури и не знаете дали воопшто ви требаат, но вие допрва ќе размислувате на што ќе ги трошите. Допрва ќе правите план.

Целата приказна на оваа тема е погрешно поставена. Треба да тргнете од следното - Ви требаат пари да го направите тоа и тоа, и после ги барате и наоѓате пари – дали од европски фондови, дали од издавање еврообврзница, дали Светска банка, Европска банка ... Процесот оди прво што ви треба, а потоа барате пари. А ние прво земаме пари, а после ќе смислиме на што ќе ги трошиме парите. Второ ... велат парите ќе ги трошиме пола на општинските проекти, а половина за бизнисот!? Никој не знае кои се општинските проекти ... тие дури сега ѓи измислуваат, па конкурси, па кој и како одлучува за тоа, па се

Фото: Виолета Огненоска

Во моментот никој во ЕУ нема намера да преговара за одложена примена на промени во Уставот. Самата ЕУ не знае кај и е главата ... Конфликтот во Украина, нов голем конфликт на Блискиот Исток. Во САД следат избори наскоро и никој не знае што ќе се случува таму - Доналд Трамп или Камала Харис. Во самата ЕУ има раст на екстремната десница, во самата Австрија пред неколку дена ги добија изборите. Едноставно Брисел има многу свои проблеми, има многу глобални проблеми и едноставно и да сака не може на ваков начин да мисли на нас. Никој во ЕУ не сака да мисли на нас сега, и затоа на ова прашање гледаат како на уште еден проблем на дестабилизање што го прави една мала земја во овој дел на Европа. Едноставно вака гледаат тие ... Германија? Германија има криза, две години се во рацесија имаат пад на растот и на економската активност. Немаат гас и други енергенси, зависни се од Русија, немаат нови извори на енергија, автомобилската индустрија им е во криза, не се лидери ниту во Европа, а камоли во светот. И сега во таква ситуација тие сега да трошат енергија и дипломатски напори и да размислуваат на односите на Македонија и Бугарија илузорно е да се очекува.

Целата приказна околу кредитот од Унгарија е погрешно поставена. Треба да тргнете од следното - Ви требаат пари да го направите тоа и тоа, и после ги барате и наоѓате пари – дали од европски фондови, дали од издавање еврообврзница, дали Светска банка, Европска банка ... Процесот оди прво што ви треба, а потоа барате пари. А ние прво земаме пари, а после ќе смислиме на што ќе ги трошиме парите. Второ ... велат парите ќе ги трошиме пола на општинските проекти, а половина за бизнисот!? Никој не знае кои се општинските проекти ... тие дури сега ќи измислуваат, па конкурси, па кој и како одлучува за тоа, па се отвора темата за селективност, па разни проблеми тука ... подобни и неподобни за добивање на проекти. Ќе се доведеме во ситуација да се градат работи кои што воопшто не се потребни, а парите за сите проекти ќе ги враќаат граѓаните во наредните години со камати.

отвора темата за селективност, па разни проблеми тука ... подобни и неподобни за добивање на проекти. Ќе се доведеме во ситуација да се градат работи кои што воопшто не се потребни, а парите за сите проекти ќе ги враќаат граѓаните во наредните години со камати.

Другата половина е за кредитите за фирмите ... Па веќе во државата постојат повеќе кредитни линии со поволни услови и камати од разни европски банки и фондови, инвестициски банки и Европска Банка за Обноива и Развој (ЕБОР), кои одат преку Развојната банка на Македонија. Тие кредити не се искористуваат и има причини зошто тие кредити не се искористуваат. Или немаат проекти, или немаат добри проекти, или други причини. Овие 250 милиони од унгарскиот кредит нема да направат никаква промена.

Знаете што, фирмите кои имаат идеја и одличен проект лесно доаѓаат до пари. Парите не се проблем во македонската економија. Тоа е тажна вистина која мораме да ја разбереме. Парите не се проблем. И да ги нема може лесно да се најдат. Проблем е - дали знаете што сакате да направите? Ние никако не знаеме што сакаме да направиме, овде пред се мислам на политичарите.

Мислам дека многу нешта околу унгарскиот кредит се погрешно поставени. Сега зборувам пред се од економска гледна точка. Од друга страна е политичкиот момент. Ова е пред се политички кредит ... Ова е кредит кој се зема со цел да се испрати порака ... мислам две пораки.

Едната порака е дека Маскедонија се доближува до Унгарија и до екстремната десница. Втората порака е дека иако јавноста не знае дали е кредитот од Унгарија, или е од Кина (не знаеме тоа иако Унгарија зеде кредит пред тоа), порака од наша страна кон ЕУ е дека вие ако не станете добри со нас (мислат на ЕУ) ние имаме и други алтернативи. Мислам дека и тука калкулацијата е погрешна затоа што сметам дека Македонија не е Србија, не може да се однесува на начин на кој се однесува Србија, не само поради тоа што сме членки на НАТО, туку едноставно според големината на земјата и економијата. Србија сите гледаат да ја третираат пристојно и добро, и поради Косово, и поради други нешта во моментов, но и поради големината на земјата. Македонија го нема тој луксуз. Македонија го нема тој обем да биде толку стратешка, и фактор на стабилност како што ние многу пати мислиме дека сме ...

Трето, дури и да сакате да се доближите до Кина, што би било легитимно, но еве гледаме како Србија се доближува до Кина. Таа лани имаше 1,5 милијарди евра странски инвестиции од Кина, тие отвараат разни фабрики, автомобилски и други и потоа извезуваат во Европа. Значи само лани имаат 1,5 милијарди инвестиции од Кина. Настрана автопатите низ Србија, метрото во Белград и други проекти.

А што има Македонија од Кина. Во минатото зела 500 милиони евра заем што ќе ги врати со камата. Сакам да кажам ако веќе сакате да пратите порака за приближување до Кина направете го тоа попаметно – кажете дека кинезите сакаат да инвестираат, на пример, во фабрика, а не само да ги земете парите. Намерите на новата Влада можеби не се лоши, можеби сакаат да ги корегираат грешките на претходната Влада која беше премногу сервилна кон ЕУ и понизна, но овие сега сакаат да пратат порака дека ние ќе бидеме поразлични. Начините на кои го прават тоа се многу погрешни, и на крајот исходот ќе биде наместо да покажат дека не се сервилни исходот ќе биде дека се уште полоши, ќе направат грешки во чекори што скапо ќе ја чинат целата држава.

▶ Добро ... Како размислува оваа Влада? Каде тера?

Мојот впечаток е дека оваа Влада не знае што да прави кога се економските политики во прашање. Не дека имаат лоши намери, туку едноставно не знаат што да прават. Тие се како мали деца кои влегле во авион и гледаат таму копчиња што светкаат и трепкаат, изгубени се некако и не знаат што да прават ... А тоа е многу страшно затоа што во таква ситуација можете да направите огромна трагедија. Конкретно. Единствената добра работа што ја направи новата Влада е што ги зголемија пензиите, но тоа зголемување не беше онолку колку што ветуваа. Ветуваа 5000 дена, а зголемија само 2500 денари. Така што зголемувањето е минимално, но тоа требаше да се направи затоа што пензионерите страдаа изминатите две години поради високите цени. Статистички тоа се гледа многу добро. Во минатите две години инфлацијата беше 25% до 30% за двете години, а примањата на пензионерите не се зголемија. Мораше тоа да се компензира. Ако не се зголемат пензиите сега, сиромаштијата на пензионерите ќе се зголеми. Така што оваа мерка беше добра, но не беше доволна. Останатото се што вети и направи оваа Влада е обратно од тоа што требаше

Најлесниот начин за прифаќање безготовински плаќања

Претвори го твојот смартфон во **POS терминал**

NLB **Smart POS**

NLB Banka

да го прави.
Упорно одбиваат да ги зголемат платите ... Синдикатите бараат зголемување, наставниците бараат зголемување ... докторите бараат зголемување на платите ... кој се не бара, но со право, затоа што во минатите две години имавме голема инфлација, а платите во Македонија и онака се ниски. Владата упорно бега со образложение дека фирмите ќе бидат погодени, а ќе сме предизвикале нова инфлација што апсолутно не е точно. Оваа инфлација не доаѓа од страната на платите, туку доаѓа од други причини. Одбивањето на зголемување на платите е катастрофална грешка. Тие разбираат дека луѓето се незадоволни, па за нешто да направат прибегнаа кон замрзнување на маржите на производите. Ќе ја копираме претходната Влада, но во тоа што тие лошо го правеа. Една од најлошите мерки на претходната Влада во последните две три години беше замрзнувањето на маржите.

▶ Платите или цените и маржите? Што?

Замрзнувањето на маржите нема ефект, и тоа сто пати се покажа во Македонија. А и теоретски нема логика. Таква мерка едноставно не може да се спроведе. Сега оваа Влада, која цело време критикуваше на оваа линија порано, сега го прави истото. И тоа го прават единствено со намера да покажат дека нешто прават за граѓаните. Демек ќе правиме нешто со цените иако сите знаеме дека тоа нема никаков ефект. Класичен дефокус од проблемот. Видете, замрзнување на цени се прави кога тие еклатантно растат, галопирачки растат, кога имате голема инфлација. Моментално инфлацијата во Македонија е 2%. Тоа е таа стабилна оптимална инфлација. Немате потреба да замрзнувате ниту цени ниту маржи. Ако сакате да го подобрите стандардот на граѓаните, затоа што сиромаштијата е огромна, нееднаквоста е огромна, тогаш треба да се фокусирате на приходите на луѓето. Да ги зголемувате платите, но и не само платите, туку и социјалната помош за сиромашните, како и пензиите ... Така што оваа Влада сега треба наместо на цените и маржите треба да се фокусира на приходите. За жал не го прават тоа.
Околу даночната политика. Јасно е дека Буџетот е во проблем. Дефицитот во Буџетот годинава ќе биде 5%. Јавниот долг 68%, и ситуацијата е скоро алармантна. Почнуваат да се палат црвените светла. Но, тие наместо да почнат да ги зголемуваат даноците, даночење на побогатите, да воведат прогресивен данок, тие сега сакаат да го намалат данокот на големите компании. Идеолошки и прогресивно тоа е лоша политика. Се ставате на страната на богатите компании во ситуација кога имате огромна сиромаштија во државата. Повеќе од 20% од граѓаните немаат леб да јадат на некој начин, вие наместо да се грижите за нив се грижите за оние кои се веќе богати. Многу лоша порака.
Исто така и макроекономски е погрешно оти намалувате директно приходи во Буџетот. Од друга страна таа мерка за намалување на данокот на големите фирми нема да има ефект. Од оваа година на ниво на цел свет стапува на сила глобалниот минимален данок, кој предвидува дека ниедна глобална компанија која има приходини од 750 милиони евра, а тоа се практично сите овие странски компании кои инвестираат во Македонија, нема да смеат да плаќаат данок на добивка помал од 15%.
Македонија како држава ќе мора да им го зголеми данокот на добивка и на странските инвеститори во зоните, од сегашните 10% на 15%, а не да го намалува на 5% или 8% какви им беа најавите. На пример, ако Македонија намали данок на 5% нема да има никаков ефект затоа што глобалниот минимален данок предвидува дека, ако вие не ги даночите фирмите со 15%, некоја друга држава има право да го направи тоа.
На пример, ако на Џонсон Мети која сега во Македонија плаќа данок на добивка од 10%, ако не сакате да зголемите на 15%, нејзината матична земја Британија ќе може да го наплати тоа. И тоа ќе го направи со големо задоволство. Значи, компанијата секако ќе го плати тој данок само прашањето е каде ќе го направи тоа. Дали во Македонија или на друго место. Што значи македонските даночни приходи и по овој основ ке се намалат. Затоа и ќе нема ефект таа најавена мерка, а прашање е и дали ќе има интерес некоја фирма да дојде во Македонија. Ова покажува две работи за оваа Влада. Прво дека се тотално дефокусирани, а фокусирани се на погрешни работи. Наместо да ги решаваат вистинските проблеми на граѓаните, тие се фокусирани на големите цели за привлекување на големи компании од светот.
Од друга страна покажуваат дека немаат елементарни познавања не само за макроекономски прашања, туку и за даночна политика. Ова е најголемото прашање во глобалните даноци во изминатите години.
Кога јас бев во Министерството за финансии, уште тогаш се зборуваше за ова. Уште тогаш ја потпишувавме таа конвенција дека ќе го применуваме глобалниот минимален данок. И денеска има луѓе во Министерството за финансии кои ова добро го знаат. Но, Владата како да не сака да ги слушне сите аргументи и продолжува со таа приказна дека ќе ги намалат даноците на големите компании.
Се на се, мојот впечаток е дека тие не знаат што сакаат да прават, и тоа е најстрашното нешто, а таквата ситуација е губење на огромно време што води во пропаст. ■■■

> ***Едно од моите верувања е дека нашата влада игра вака е дека тие очекуваат дека екстремната десница ќе продолжи да засилува во рамките на Европа (Австрија, претходно во Франција и во повеќе земји), и со тоа што Македонија сега се доближува до Унгарија која е лидер на таа нова парламентарна група на екстремната десница, нашата влада веројатно се обидува да се обложи и да се коцка на екстремната десница оти сметаат дека во идно време ќе биде уште повеќе засилена. Тие сметаат дека по извесно време по таков развој на настаните екстремната десница ќе застане на македонската страна во спорот со Бугарија.***

80
ГОДИНИ
СТОПАНСКА
ДОМА
Најубавата приказна која
заедно ја испишуваме
цели 80 години.
stb.com.mk
СТОПАНСКА БАНКА
членка на NBG

КАКО ТОА ГО ПРАВИ ИТАЛИЈА **КОНЦЕПТ „ТРЕТА ИТАЛИЈА“!?**

Треба добро да се анализира како тоа го прави Италија, денеска една од поголемите и важните економии во светот. Владините напори во изминатиот период беа насочени кон зајакнување на италијанскиот претприемачки дух со цел да се постигне поголем развој и конкурентност.
Како Италија го надминала проблемот со растот поради сознанието дека економијата ја сочинуваат мали и микро фирми. Како тие го освојуваат светот. Владата презеде конкретни мерки за подобрување на поврзаноста на малите и средни претпријатија. Преку здружувањето во кластерите и малите претпријатија станаа големи со што обезбедуваат доволен обем.

Обработил и анализирал:
Редакција Капитал

Главната карактеристика на италијанската економија, кога станува збор за големината на компанијата и учеството на бројот на вработени, е дека микрокомпаниите (помалку од десет вработени) се најзастапени во Италија, во споредба со другите земји на ОЕЦД.
Од вкупниот број италијански производствени компании, 84% се микро-претпријатија, кои сочинуваат 25% од вкупните вработувања, 11,4% од прометот и 15,3% од додадената вредност.

Оттука, доминантната застапеност на микропретпријатијата имаше големо влијание врз структурата на италијанската индустрија. За да се надмине проблемот поврзан со растот поради големината на компанијата, во текот на изминатите децении, владата го разви концептот на „Трета Италија“ и презеде конкретни мерки за подобрување на поврзувањето на малите и средни претпријатија (МСП) во кластери.
Во Италија, индустриската област е главната форма на групирање на компании во кластери. Во бројни сектори во кои доминираат малите компании, поврзувањето на овие компании во кластери во одредени региони обезбеди можности за забрзан развој, освојување пазарни ниши, зголемен извоз и нови вработувања.
Значи станува збор за микропретпријатија, индустриски области, кластери, Трета Италија, регионален развој ...

Секторот на мали и средни претпријатија (МСП) го претставува јадрото на италијанскиот производствен систем кој неодамна претрпе бавен раст, како и целата италијанска економија поради растот на меѓународната конкуренција. Главна карактеристика е големината на компанијата микро-претпријатијата (помалку од десет вработени) во споредба со другите земји на ОЕЦД земји во однос на големината и уделот на компанијата на вработување.
Анализите покажуваат дека

Во Италија, индустриската област е главната форма на групирање на компании во кластери. Во многу сектори. Доминираат малите бизниси, поврзувајќи се овие компании во кластери во одредени региони обезбедија можности за забрзан развој, освојување пазарни ниши, зголемување на извозот и нови вработувања.

Ова е концептот за развој на „Трета Италија“. Развојот на индустриските мали и средни претпријатија беше поврзан со концентрацијата на компаниите во одредени сектори и региони. Ваквите кластери нудеа можност за подобро позиционирање на пазарот на бројни таканаречени традиционални производи, како обувки, трикотажа, кожна галантерија, мебел, музички инструменти, земјоделска и прехранбена индустрија, како и инженерство индустрии за снабдување на овие сектори.

Во „Трета Италија“ растеше вработеноста надвор од земјоделскиот сектор, а особено кај МСП, а исто така и зголемувањето на националните приходот бил побрз во споредба со порано во другите сектори.

од вкупниот број италијански производствени компании, 84% се микро-претпријатија, кои сочинуваат 25% од вкупната вработеност, 11,4% од прометот и 15,3% од додадената вредност. Доминантното присуство на микро-претпријатија имаше големо влијание врз структурата на италијанската индустрија. За разлика од другите развиени економии, Италија разви модел во изминатите децении наречен Специјализација „Made in Italy“ во традиционални сектори. И на штета на високотехнолошкиот сектор. Учеството на МСП во вкупниот промет е особено забележливо во потсекторите од преработувачката индустрија како што се: храна и пијалоци, текстил, облека и обувки, дрво и мебел, графика, производи од гума и неметална индустрија.

ГЕНЕЗАТА НА ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО – КОНЦЕПТ ТРЕТА ИТАЛИЈА

Со цел да се разбере значењето и важноста на улогата на МСП во Италија, потребно е пред се да се знае историскиот развојот на италијанската економија. Во 1950-тите и раните 1960-ти, во современиот дел на Италија, се развиле големи и интензивни индустрии кои биле ефикасни и добро организирани од синдикатите. Вработените имале високи заработка, и тоа е таканаречената „Прва Италија“. За разлика од нив, италијанскиот југ го карактеризираа мали, трудоинтензивни компании кои беа помалку успешни, неорганизирани од синдикатите, а вработените имаа помали плати... Тоа е таканаречената „Втора Италија“.

КЛАСТЕРСКИ И ИНДУСТРИСКИ ОБЛАСТИ

Концептот на третата Италија опфаќа нов резон - земја на микрокомпании, а тоа барало носење формални закони. Првиот формален чекор кон воспоставување на индустриски области во националното законодавство е Законот бр.317/1991, таканаречена - „Национална програма за иновации и развој на мали и средни претпријатија“, со што се пренесува имплементацијата на политиките во областите на регионалните власти. Министерството за индустрија со декрет, познато како Декрето Гуарино, во 1993 година, бараше од регионите да идентификуваат некои области врз основа на утврдените индикатори. Следниве закони, особено Вториот закон Берсани (Втор Берсани Ниско) ја поедностави идентификацијата на областите и им овозможи на регионите поголема флексибилност

во нивниот избор.
Индустриските области избрани од регионалните власти постојано се менуваат во зависност од постоечките прописи.
На пример, стекнувањето конкурентска предност од страна на италијанската индустрија за керамички плочки го илустрира начинот на кој функционира „дијамантот на националната конкурентност".
Во далечната 1987 година, италијанските компании беа светски лидер во производството и извозот на керамички плочки. Индустрија од повеќе од 10 милијарди долари. На италијанските производители (компании во приватна сопственост, главно семејни), концентрирани во малиот град Сасуоло во провинцијата Емилио Романа и нејзината околина отпаѓа околу 30% од светското производство, или речиси 60% од светскиот извоз на плочки. Трговскиот суфицит на Италија во оваа индустрија беше околу 1,4 милијарди долари.
Индустријата за керамички плочки во Сасуоло значително е развиена преку занает кој датира од XIII век. А веднаш по Втората светска војна, побарувачката за сите видови градежништво расте. Расте потребата од материјал во Италија, како последица на реконструкцијата на земјата. Побарувачката за керамички плочки беше особено висока изразена поради климата, локалниот вкус и методите на градба.
Но, она што е посебно важно е фактот дека конкурентна предност во производството на керамичка плочка во малиот град Сасуоло е создадена како резултат географска концентрација на компании во кластер, што беше основа за: купување на големо, појава на силни и единствени дистрибутивни канали, истражување на странски пазари, совети за правни и даночни прашања ...
Развој на кластер на производители на керамика плочките во регионот Сасуоло го поттикнаа развојот на понудата, потоа квалификувани работници и специјалисти, вклучувајќи инженери, работници за одржување, мајстори и дизајнери. Географската концентрација на оваа индустрија го поттикна потеклото на развиена група локални добавувачи машини и други помошни индустрии кои произведуваат материјали (калапи, глазури, амбалажа), обезбедуваат услуги и обезбедуваат инфраструктура.
Наметнато интензивно ривалство меѓу локалните компании во кластерот потребата за постојано подобрување на бизнисот во однос на технологија, дизајн, дистрибуција ... Пример за успешно здружување на МСП во кластери заради реализација глобалната конкурентност во светски рамки, ја наоѓаме во различни индустрии во Италија.

СОРАБОТКА НА МАЛИТЕ ФИРМИ СО ОБРАЗОВАНИЕТО И ИСТРАЖУВАЧКИТЕ ЦЕНТРИ И УЛОГАТА НА ЈАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА

Во овој контекст, „Италијанската мрежа за ширење на иновации и технологија" беше лансирана во 2003 година. Трансфер на технологија - RIDITT)", со цел подобрување на технолошките вештини и расположливите ресурси за индустриски иновации, и поттикнување на интеграцијата на приватниот и јавниот сектор во националниот систем за иновации.
За таа цел мрежата RIDITT обезбедува актери (компании, факултети, истражувачки центри, научно-технолошки паркови, креатори на политики на регионално и национално ниво), информации, обука и техничка помош и услуги. Исто така, Италија започна RIDITT проекти насочени кон вмрежување на деловните асоцијации и технолошки центри во следните индустриски сектори: обувки, текстил и облека, автомобили и биотехнологија.
Воспоставување на иновативни мрежи и технолошки кластери - интензивни компании преку создавање на индустриски области, имаа за цел да промовираат територијална групација на компании со симултано групирање врз основа на технолошки интензивните производи и услуги.
Затоа што, индустриските области обезбедуваат поголеми можности за унапредување на соработката помеѓу образовните институции, истражувачките центри и малите и средните претпријатија, кои на тој начин можат да развијат конкурентни истражувачки проекти кои ќе обезбедат голем повраток на средства во услови на иновативна претприемничка компанија.
Стратешката цел беше да се постигне меѓународно призната извонредност во истражувањето, иновациите и технолошки вештини во МСП и претприемништво.

Функционална територијално-технолошка поделба на Италија

Јасната визија на италијанската држава овозможи да во 2004 година бидат промовирани 12 технолошки области со следните технолошко индустриски активности: Безжични апликации

(Piemonte), Молекуларна медицина (Friuli Venecia Gulia), Биотехнологија (Ломбардија), ИКТ (Ломбардија), напредни материјали (Ломбардија), Полимери и соединенија (Кампанија), Мехатроника (Emilia Romagna), Микроелектроника (Сицилија), Нанотехнологија (Венето) и Интегриран паметен систем (Лигурија).

Од 2004 година, избрани се 161 индустриски области, во 12 региони, од вкупно 20 региони на Италија. На пример, во регионот Венето, врз основа на регионалниот закон од април 2003 година требаше да се промени методолошкиот пристап - пред се да името на дотогаш - индустриската област беше променето во - производствена област. Покрај тоа, секоја производствена област содржи кластер што го сочинуваа поврзаните компании меѓу себе и јавниот сектор.

Според новата дефиниција, „производствените области опфаќаат: компании, јавен сектор, секторски здруженија во различни области, следејќи многу пофлексибилна дефиниција од тоа врз основа на територијата (веќе не стануваше збор за територијално поврзани компании. Тие можат да припаѓаат на ист „производствен кварт„, иако се наоѓаат во различни области).

Проблемот за регионите е да се забележат и да се идентификуваат најдобрите производствени области што можат да бидат двигател на регионалниот развој. Како пример, често се зема регионот на Ломбардија, како таканаречен полу-област.

Овој тип на систем не се карактеризира толку со територијалната припадност на компанијата, колку од нејзината поврзаност со компании базирани на знаење.

ПОЛИТИКА ЗА РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ

Во италијанските и европските области посебно се нагласува улогата на регионалната и локалната политика во создавањето платформа на која кластерите можат да напредуваат и развиваат. Оваа платформа се рефлектира во градење институции, подобрување на здружувањето на МСП и развој на колективни сервисни центри. На пример, Регионалната агенција за економски развој на територијата е основана во регионот Емилија-Романја (ERBET).

Таа е уредена како акционерско друштво во сопственост на регионалната влада и големите економски институции и здруженија. ERBET делува како развојна агенција која се придржува до стратешките насоки на регионалната политика. Владата ги одредува инструментите на деловната политика, и иницира многу активности за поттикнување на МСП. Таа е водечка институција во регионот, чија задача е да го подобри производниот систем, просторниот развој и заштитата на животната средина, како и интернационализација на локалните индустрии.

Она што е многу важно е да се знае дека во италијанските индустриски области, од сите мерки, најголемо внимание привлекуваат групите мерки поврзани со давање услуги. Мерки за давање услуги во „Третата Италија“ најдобро може да се илустрира со пример на Агенцијата за давање услуги на МСП (Центро Информации Tessile Emilia-Romagna – CITER).
CITER се наоѓа во Модена (регионот Емилија - Романја), работи во текстилниот сектор и обезбедува пет основни услуги: Прво, издава полугодишен периодичен извештај за условите и активностите на меѓународниот пазар конкуренција во земјата и странство. Второ, ги информира претприемачите за цените и карактеристиките на достапните материјали на пазарот. Трето, редовно ги информира членовите за технологијата и развој преку изработка на различни брошури. Четврто, има CAD/CAM станица на располагање на своите членови. Петто, ја информира локалната деловна заедница за модните трендови.
Кога ЦИТЕР беше основан во 1980 година, беше финансиран од јавни средства на државата, но десет години подоцна само 30% од неговиот буџет доаѓаше од владини средства.
Регионална агенција за економски развој на територијата Емилија Романја - ERBET во Болоња до CITER вклучува посебни секторски сервисни центри - CERCAL (за обувки), QUASCO (градежништво) и CEMSA (механизација за фарми).
Други примери на услуги вклучуваат: сервисен центар во Пиза за кожарската индустрија, TEKNOTEX што служи за текстилната индустрија и Comitato Servisio Tendenza Moda во Емполи која обезбедува професионална обука и информации за модата трендови.
Сервисните центри беа заеднички управувани од различни субјекти, како што се деловни организации, факултети, локална и градска администрација, стопански комори и индустриски компании. Планираните акции претежно беа од секторски тип, а локалните власти покриваа значителен дел од почетните инвестиции, со тоа што со текот на времето компанијата стана финансиски независна.
Треба добро да се анализира како тоа го прави Италија, денеска една од поголемите и важните економии во светот. Владините напори во изминатиот период беа насочени кон зајакнување на италијанскиот претприемачки дух со цел да се постигне поголем развој и конкурентност.
Тоа би го надминал проблемот со растот поради големината компаниите. Владата презеде конкретни мерки за подобрување на поврзаноста на малите и средни претпријатија, со цел да растат минималната критична граница. Преку здружувањето во кластерите и малите претпријатија станаа големи со што обезбедуваат доволен обем.
Во Италија, индустриската област е главната форма на групирање на компании во кластери. Во многу сектори. Доминираат малите бизниси, поврзувајќи се овие компании во кластери во одредени региони обезбедија можности за забрзан развој, освојување пазарни ниши, зголемување на извозот и нови вработувања.
Ова е концептот за развој на „Трета Италија“. Развојот на индустриските мали и средни претпријатија беше поврзан со концентрацијата на компаниите во одредени сектори и региони. Ваквите кластери нудеа можност за подобро позиционирање на пазарот на бројни таканаречени традиционални производи, како обувки, трикотажа, кожа галантерија, мебел, музички инструменти, земјоделска и прехранбена индустрија, како и инженерство индустрии за снабдување на овие сектори.
Во „Трета Италија“ растеше вработеноста надвор од земјоделскиот сектор, а особено кај МСП, а исто така и зголемувањето на националните приходот бил побрз во споредба со порано во другите сектори. ■■■



CITY
FASHION
MULTIBRAND STORES

SKOPJE CITY MALL / GTC
WWW.CITYFASHION.MK

INTERVIEW

БИЛАЛ СУЏУБАШИ

главен извршен директор на Халкбанк АД Скопје

ХАЛКБАНК Е ЛИДЕР ВО НОВИ ТЕХНОЛОГИИ И УСЛУГИ НА МАКЕДОНСКИОТ ПАЗАР

Би споменал дека банката од водечкото светско списание „Global Banking & Finance Review" беше прогласена за „Најдобра банка за мали и средни претпријатија во Македонија во 2017 година", а од истото списание беше прогласена и за „Најдобра Банка за Население во Македонија во 2020 година". Имаме добиено и награда „Креатори на векот" за 2018 година за придонесот во развојот на претприемништвото во Централна и Југоисточна Европа. Во 2020 година ја добивме наградата The Next 100 Global Awards со што се најдовме на листата на компании кои се највозбудливите, најиновативните и најперспективните бизниси од целиот свет. Од списанието „Global Brands Magazine" бевме прогласени за„Најдобар финансиски бренд во државата за 2021 година".

Разговарал:
ЉУПЧО ЗИКОВ

2023 година беше исклучително успешна за Халкбанк во Северна Македонија. Достигнувањата на оваа банка и нејзините високи стандарди во банкарскиот сектор се препознаени и потврдени од многу угледни меѓународни и домашни организации и институции – не само преку продолжување на успешната соработка, туку и преку доделување бројни престижни признанија и награди. Иновативниот пристап, подобрените услуги, воведувањето нови услуги, корпоративната општествена одговорност и придонесот кон развојот на бизнис заедницата, ја потврдуваат лидерската позиција на оваа финансиска институција во Северна Македонија. Билал Суџубаши, главен извршен директор на Халкбанк АД Скопје, вели дека овие награди претставуваат валоризација на трудот кој го вложуваат во испорачување најквалитетни услуги за нивните клиенти, како и дополнителен поттик да бидат уште подобри и заедно со останатите во банкарскиот сектор да ги прават услугите побрзи, подостапни и поефикасни за граѓаните и стопанството во Северна Македонија.

▶ Халкбанк изминатиот период беше добитник на бројни престижни признанија и награди во банкарскиот сектор кои ја потврдија лидерската позиција на банката во делот на услуги, нови иновативни производи и дигитализацијата. Зошто признанијата од овој тип се важни за Халкбанк, и воопшто за банкарскиот сектор во Македонија?

Халкбанк навистина последните години е добитник на повеќе меѓународни, но и домашни награди и признанија што претставува валоризација на трудот кој го вложуваме во испорачување најквалитетни услуги за нашите клиенти.

На пример, би споменал дека банката од водечкото светско списание „Global Banking & Finance Review" беше прогласена за „Најдобра банка за мали и средни претпријатија во Македонија во 2017 година", а од истото списание беше прогласена и за „Најдобра Банка за Население во Македонија во 2020 година". Имаме добиено и награда „Креатори на векот" за 2018 година за придонесот во развојот на претприемништвото во Централна и Југоисточна Европа. Во 2020 година ја добивме наградата The Next 100 Global Awards со што се најдовме на листата на компании кои се највозбудливите, најиновативните и најперспективните бизниси од целиот свет. Од списанието „Global Brands Magazine" бевме прогласени за„Најдобар финансиски бренд во државата за 2021 година". Од лидерот за меѓународни финансиски услуги Комерцбанк АГ неколку пати досега имаме добиено признанија за брзината и квалитетот на меѓународните плаќања и трансфери. Пред некој месец Global Brand Frontier ја прогласи Халбанк за најдобра во делот на исклучителни банкарски услуги во Македонија за 2024 година.

Имаше и други меѓународни награди и признанија, а на домашен терен би споменал дека нашиот проектот ХалкЕко на со кој се поттикнуваат здрави животни навики и грижа за природата, но и се зголемува шумскиот фонд и се реализираат други активности во насока на заштита на животната средина, од страна на Министерството за економија беше прогласен за најдобар општествено одговорен проект во категоријата „однос со животната средина".

Овие награди и признанија за Халкбанк се важни бидејќи значи дека лидерството во воведување нови технологии и услуги како водечки на македонскиот пазар, како и за квалитетната и посветена работа и настојување да се обезбеди висок квалитет на услугите е препознаено и од клиентите но и од експертите во оваа индустрија. Овие награди се дополнителен поттик да бидеме уште подобри и заедно со останатите во банкарскиот сектор да ги правиме услугите побрзи, подостапни и поефикасни за граѓаните и стопанството во Северна Македонија.

▶ Како лидер во повеќе сегменти во банкарскиот сектор фокусирани сте на развој и подобрување на услугите. Какви нови услуги подготвувате, кој е главниот фокус?

Ние постојано ги следиме новите трендови на технологијата и дигитализација и развиваме нови платформи на алтернативни канали за дополнителни производи и услуги. Нашата банка денес е лидер во понуда на услуги

Халкбанк нуди широк спектар алтернативни услуги кои се практично замена за класичните банкарски операции кои секојдневно се извршуваат во филијалите на банката. Дебитни и кредитни картички од брендовите Mastercard и Visa, СМС Инфо, електронско и мобилно банкарство, развиена мрежа на ПОС уреди, напредна e-commerce понуда, онлајн аплицирање за производи, Смарт кеш, онлајн ажурирање на личните податоци… се само дел од производите базирани на новите технологии.

креирани според потребите на граѓаните, како и во воведување нови технологии и обезбедување брза услуга преку високоразвиена, модерна платформа на алтернативни канали.

Халкбанк со досегашната работа веќе ја дефинира насоката кон која се движи, односно следење на технолошкиот развој и максимално користење на сите можности што ги нуди, за да создадеме што подобри и поефикасни услуги. Кога ќе се спојат нашата интенција за мноштво производи што се скроени по мерка на клиентите и се одговор на нивните потреби и податливоста на дигитализацијата, можностите се големи. Верувам дека со нашиот пристап, што приоритетно произлезе од потребата за поедноставување на банкарските услуги и поголема безбедност на граѓаните, го трасираме и патот до дигитализација на банкарскиот сектор.

▶ Ги навикнавте вашите клиенти на постојани подобрувања и дигитализација на услугите. Колку прифаќаат услуги кои се прилагодени на она што се смета за модерна банкарска услуга?

Живееме во време на глобализација, каде што клиентите имаат пристап и можност да ги согледаат сите искуства во денешно време, во деловните комуникации со странство, деловните патувања и секако можноста за едукација преку интернет согледувајќи ги меѓународните искуства. Со оглед дека најзначајната предност

на дигитализацијата се крие во брзината и временската рамка на испорачување на услугите, што е многу важно во денешниот динамичен деловен свет, ние се трудиме постојано да воведуваме вакви услуги.

Халкбанк нуди широк спектар алтернативни услуги кои се практично замена за класичните банкарски операции кои секојдневно се извршуваат во филијалите на банката. Дебитни и кредитни картички од брендовите Mastercard и Visa, СМС Инфо, електронско и мобилно банкарство, развиена мрежа на ПОС уреди, напредна e-commerce понуда, онлајн аплицирање за производи, Смарт кеш, онлајн ажурирање на личните податоци…..се само дел од производите базирани на новите технологии.

Кога зборуваме за тоа колку се прифаќаат ваквите услуги, морам да кажам дека трендот е во нагорна линија. Ова особено дојде до израз за време на здравствената криза кога луѓето „се престрашија“ и почнаа повеќе да ги користат дигиталните услуги, а истиот тренд продолжи и понатаму. Од она основното, вадење готовина што стана јасно дека може полесно да се направи од банкомат отколку од шалтери на банки, преку плаќање на сметки, нарачка на производи и друго. Ние на пример бевме први на пазарот што воведовме цела палета на онлајн достапни финансиски услуги како онлајн кредитот, онлајн депозитот, онлајн кредитни, дебитни картички, овердрафт и други смарт услуги. Се покажа дека електронски достапни, производите многу брзо се прифатија од нашите клиенти и нивното користење постојано се зголемува.

Наше мислење е дека финансискиот сектор кој е клучен за секоја единка, било да е физичко или правно лице, може да одигра голема улога во едукацијата на населението во поглед на користење на новите технологии и ние токму тоа и го правиме. Иако можеби инвестициите во креирање и овозможување на нов дигитален производ во прв момент изгледаат неисплатливи, сепак многу брзо се покажува дека сме го направиле вистинскиот чекор.

▶ Кои се најголемите предизвици со кои се соочувате во промовирањето на решенијата за дигитално банкарство во Македонија и како се справувате со нив?

Земајќи ја предвид сензитивноста на услугите коишто се нудат, а поврзани пред се со финансиските средства, сепак интересот во користењето на дигиталните трендови постојано се зголемува при што банкарскиот сектор веќе е насочен кон подигање на свеста и активно работи во уверувањето за користење на истите, како од безбедносен аспект, така и од рационален аспект земајќи го предвид времето како клучен фактор во денешниот деловен свет.

Промените во технологијата секако носат многу предизвици при спроведувањето. Ова се случува секогаш кога ќе го замениме старото со нешто ново, така што многу луѓе не сакаат да го остават познатото зад себе. За да ги насочиме клиентите кон електронското банкарство, се користат низа алатки. На пример, трансакциите преку е-банка се многу поевтини отколку оние традиционалните, направени на шалтер во банка, што за многу клиенти стана поттик за користење дигитални услуги. Исто така, организираме и најразлични кампањи и наградни игри, како оние за користење на апликациите HalkPay и GarminPay, односно за плаќање со мобилен телефон или Гармин часовник, стимулирање со бонус програмата на користење за плаќање на платформи за електронско банкарство на е-продавниците кои се наши клиенти и друго.

Сепак во целина има раст на користењето на дигиталните канали, особено на помладите генерации кои се повешти и полесно ги прифачаат новите технологии. Еве и од Народна банка е нотирано дека граѓаните сè повеќе ги користат современите канали на плаќање. Во 2023 и 2024 година е забележано зголемување на употребата на платежните картички од страна на граѓаните за извршување на плаќањата во трговијата, што се согледува преку засилениот годишен раст на бројот и вредноста на плаќањата, за 18% и 17%, соодветно. Притоа, граѓаните сè почесто ги употребуваат мобилните апликации за извршување на плаќањата коишто забележаа раст од 22% кај бројот и 30% кај вредноста. Сè поголемото користење на платежните картички секако е охрабрувачко бидејќи тоа понатаму повлекува и поголемо користење на други банкарски производи базирани на новите технологии.

▶ Халкбанк е препознаена како општествено одговорна институција. Кои активности на тој план ве прават особено горди?

Во Халкбанк постои висока свест за корпоративната општествена одговорност и токму затоа на најразлични начини настојуваме да ја поддржиме заедницата во која делуваме. Во изминативе години сме поддржале многу спортски, културни, образовни и еколошки настани и организации. Нашите глобални планови за општествена одговорност се одвиваат во рамките на платформите – ХалкЕко која претставува наша зелена агенда, потоа Халки која е насочена кон поддршка за најмладите во делот на образованието и едукацијата, платформата – Чуварите на мудроста во чиј фокус е постарата генерација, онаа од која можеме да научиме многу и новата Вистински Слободна – платформа за поддршка на жените претприемачки и за зголемување на финансиската слобода на жените.

Ако треба нешто да издвојам, тоа веројатно би била платформата ХалкЕко за која добивме и награда од Министерството за економија како најдобар општествено одговорен проект во делот на животната средина. Слободно можам да кажам дека Халкбанк е прва еко банка во државата и како таква посветено работи на подигање на свеста за еколошки прашања. И тоа не само преку кредитирање „зелени“ проекти, туку и со низа општествено одговорни активности и акции во насока на подобрување на состојбата во животната средина и истовремено подигање на свеста за тоа дека сите имаме ист дом – планетата Земја и дека треба да се грижиме за тоа каков дом ќе оставиме на нашите деца и идните генерации.

Уште во октомври 2019 година, ја креиравме мобилната апликација ХалкЕко со која, со низа подароци и бенефиции, ги мотивираме граѓаните да пешачат, трчаат или возат велосипед. Многу брзо апликацијата прерасна во платформа преку која даваме поддршка на активности кои се во насока на поттикнување здрави животни навики и заштита на животната средина. Особено сме горди на акциите за пошумување во рамките на кои досега се засадени над 50 000 садници.

